Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 02-644/2
27.09 2019 год.
Велес

Врз основа на член 116 ст.1 алинеа 2 и член 168 ст.3 од Законот за заштита на децата(Консолидиран текст) и член 25 ст.1 алинеа 2 од Статутот,Управниот одбор на ОЈУДГ„Димче Мирчев“-Велес на својата седница одржана на ден 27.09.2019 година,донесе

О Д Л У К А
за донесување на Годишниот извештај
за работа на установата за 2018/19 год.

Член 1

Со оваа одлука СЕ ДОНЕСУВА **Годишниот извештај за работа** на **Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев“-Велес за 2018/19 година.**

Член 2

СЕ ПРЕДЛАГА на **Советот на Општина Велес ДА ГО УСВОИ** Годишниот извештај за работа на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев“-Велес **за 2018/19 година.**

Член 3

Составен дел на оваа одлука е Извештајот за работа на ОЈУДГ„Димче Мирчев“-Велес за 2018/19 година.

Претседател на Управен одбор

Дејан Ристов

Општинска јавна установа за деца Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ" Република Северна Македонија ВЕЛЕС

Доставено до:
-Совет на ЕЛС
-архива

ОЈУДГ "Димче Мирчев" Велес



ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА -

ДЕТСКА ГРАДИНКА „ДИМЧЕ МИРЧЕВ" ВЕЛЕС ЗА

2018/2019 година

Велес

Септември 2019год.

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 01-645/1
27.09.2019 год.
Велес

Вовед

Својата работа градинката"Димче Мирчев" во општина Велес ја засноваше на почитување на законските, статутарните и програмските регулативи како и најновите педагошко-психолошки сознанија. Основната дејност- згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се реализираше преку згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот , менталниот и социјалниот развој на детето, создавање на поквалитетни услови за престој на деца од 8 месечна до 6 годишна возраст , односно, до вклучување во основно образование.

ОЈУДГ „Димче Мирчев" Велес е основана на 09.10.1959 година со Решение на Народен Одбор на град Велес. Првите години, работењето на Установата се одвива во еден објект, но со текот на времето како се развива потребата од згрижување на деца од предучилишна возраст се отвараат и другите објекти, така да од 1982 година, дејноста се врши во 6 организациони единици во градот, група во други просторни услови во Општина Градско, објект во Општина Чашка и објект во с.Караслари.

Основна цел на работата на Детската градинка „Димче Мирчев"- Велес е да реализира програми и активности кои ќе им помогнат на децата да ги достигнат своите целосни потенцијали. Поаѓајќи од научните согледувања кои укажуваат дека првите шест години од животот на човекот се основата на воспитанието и образованието на секоја индивидуа, градинката како организирана средина за игра и учење постојано нуди продуктивни активности, програми и проекти кои излегуваат во пресрет на потребите, интересите, желбите и приоритетите на децата и нивните семејства.

Градинката непосредно по семејството е место каде продолжува процесот на градење и усвојување на вредностите. Токму на тој степен на воспитание и образование треба да се промовираат универзалните, глобалните

и автономните вредности кои подоцна ќе му помогнат на секое дете да направи вистински избор во животот, да биде способно да ги препознава вистинските вредности, да создава нови и да врши нивна промоција во јавниот живот.

Во контекст на погоре дефинираното, изминатата година Установата, се фокусираше на остварување на следните задачи:

- создавање на услови за задоволување на потребите за учење низ игра кои го поттикнуваат социо-емоционалниот развој на децата ;
- создавање услови кои целосно ќе излезат во пресрет на основните потреби за здрав психо-физички развој на децата како што се: исхрана, нега, одмор, хигенски навики и здравствена заштита ;
- поттикнување и развивање на движечки способности и унапредување на физичкиот и моторен развој на децата ;
- формирање на основни културно-хигенски и работни навики ;
- создавање услови за социјализација на децата и запознавање со основните норми на однесување ;
- создавање услови за згрижување и воспитание на деца со потешкотии во психо-физички развој во редовните групи во зависност од видот и степенот на попреченост;
- збогатување на емоционалниот свет на детето и запознавање со природната и општествена средина што го опкружува.

Мисија :"Ние сме партнери на родителите во воспитанието и образованието на децата, нивниот правилен раст и развој, креираме безбедна стимулативна средина, негуваме тимска работа, толеранција, ги почитуваме различностите и ги поттикнуваме индивидуалните можности и способности на децата, градиме успешна соработка и ја промовираме нашата установа во локалната заедница."

Визија: Среќно дете кое расте во сигурно, убаво и стимулативно опкружување под мотото: „Заедно да растеме, играме и осознаваме, да бидеме куќа на среќни деца, задоволни родители и успешна установа. "

1. Појдовни основи за реализација на дејноста

Реализацијата на воспитно - образовната и згрижувачка дејност на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка „Димче Мирчев" Велес во извештајниот период се одвиваше врз основа на следните документи :

- Закон за заштита на деца –Консолидиран текст (Ноември 2018), Закон за измена и дополнување на Законот за заштита на децата(Сл.весник на Р.С.Македонија бр.104/19, 146/19);
- Закон за работни односи – пречистен текст (Сл.весник на Р.Македонија бр.74/15);
- Закон за администрација (Сл.весник на Р.Македонија бр. 24/14, 99/14 и 48/15);
- Закон за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на Р.Македонија бр.27/2014);
- Статутот на Установата;
- Програма за рано учење и развој (Сл.Весник на Р.Македонијабр.46/14)
- Програма за рано учење и развој за деца со пречки (Сл. Весник на Р.Македонија бр.82/15)
- Програма за едукација на деца од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна (Сл.Весник на Р.Македонијабр.98/14)
- Упатство за планирање на активности од програмата за рано учење и развој за стекнување на здрави животни навики и безбедно однесување кај децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца.
- Упатство за реализација на програмата за рано учење и развој и достигнување на стандардите за рано учење и развој преку вклучување на традиционални игри во установите.

- Стандардите за рано учење и развој.
- Тезите за изготвување на Годишен Извештај за работата на ОЈУДГ во Република Македонија.

2. Организација, внатрешно уредување и услови за работа на градинката

Градинката својата дејност ја остварува во 9 објекти, од кои 6 се лоцирани на територијата на Општината Велес и истите се наменски и функционално изградени и во целост одговараат на нормативите и стандардите за објекти од ваков вид. Објектот 7 е сместен во други просторни услови во Општина Градско, објект 8 со работа започна во Општина Чашка во месец Мај 2018 год. Објект 9 со работа започна во месец Јули 2018 год.во село Караслари. Општите и заедничките работи на објектите се остваруваат преку заедничките служби на градинката, кои просторно се сместени во дел од објектот 2 „Сонце".

Постоечкиот простор на објектите на установата нуди добри архитектонско-функционални услови за вршење на дејноста. Објектите се просторни и соодветно лоцирани во различни делови од градот и овозможуваат лесна непосредна комуникација за организирање на сите процеси на работење и непречено реализирање на програмските цели и задачи.

Својата дејност Установата ја врши во следните организациони единици:

Објект 1„Маргаритки" - ул. „Трајко Панов" бр.15 со капацитет од 125 деца. Престојуваа **147 деца** сместени во 7 групи од кои 1 јаслена;

Објект 2„Сонце" - ул. „Тодор Христов-Офицерчето" бр.1 со капацитет од 260 деца. Престојуваа **439 деца** во 14 групи од кои 2 јаслени;

Објект 3„Детелинки"- ул. „Тодор Јанев" бр.7 со капацитет од 180 деца. Престојуваа **220 деца** во 6 градински и 1 јаслена групи;

Објект 4„Дизни" - ул. „Благој Ѓорев" бр.215 со капацитет од 120 деца. Престојуваа **187 деца** во 5групи од кои 1 јаслена.

Објект 5„Ѕвездички"- ул. „Архиепископ Михаил" бр.158 со капацитет од 100 деца. Во текот на изминатата година престојуваа **167 деца** во 4 градински групи и 1 јаслена;

Објект 6 „Ѕвончица"- ул. „Коле Цветков" бр.6 со капацитет од 125 деца. Престојуваа **164 деца** во 4 градински групи и 1 јаслена.

Објект 7 „Кокиче"-Општина Градско –ул.Маршал Тито" бр.68 со капацитет од 32 деца а запишани **31** деца во една група.

Објект 8 „ Бамби" - Општина Чашка ул.„8-ми септември" бб.со капацитет од 50 деца,запишани **20** деца во две групи.

Ојект 9 „Пинокио"-с. Караслари бб.со капацитет од 40 деца,запишани **18** деца во две групи.

Објект	Адреса	Сегашен капацитет	Број на групи	Број на деца
Објект 1	Трајко Панов бр. 15	125	7	147
Објект 2	Тодор Христов-Офицерчето бр. 1	260	14	439
Објект 3	Тодор Јанев бр.7	180	7	220
Објект 4	Благој Ѓорев бр.215	120	6	187
Објект 5	Архиепископ Михаил бр.158	100	5	167
Објект 6	Коле Цветков бр.6	125	5	164
Група во др.Прост.Усл. Објект 7	Општина Градско	32	1	31

Објект 8	Општина Чашка	50	2	20
Објект 9	с. Караслари	40	2	18
Вкупно		**1032**	**49**	**1393**

Уписите во градинка течат во теекот на целата година. Сакајќи да им овозможиме на родителите услови да можат да ги згрижат децата според сопствените интереси и потреби како и изминатите години, и оваа година Установата ги понуди формите на згрижување кои досега се покажаа како најадекватни во нашата локална заедница: целодневен, полудневен, скратени програми, пилот програми и вонинституционални форми за активности со деца.

2.1.Реконструкции и санации

Според Одлука на Влада (Сл. весник бр. 51/2005) за пренесување на основачките права и обврски над постојните јавни установи за деца-детски градинки на општините, шесте објекти на ОЈУДГ „Димче Мирчев" се во сопственост на Општина Велес. Поради времето на нивната изградба и траењето на нивното користење, истите бараат реконструкции и редовно одржување кое е поврзано со големи финансиски средства.

Во текот на 2018/19 година извршени се повеќе реконструкции и санации:

• Објект 1:

-нова фасада во предниот дел на објект 1;

-санација и реновирање на помошна кујна;

-набавка на играчки;

-изработка на креативни патеки;

-набавка на прибор за јадење за деца (чинии, шолчиња, лажици);

• Објект 2

-набавка на клима уред во занимална;

-набавка на две правосмукалки;

-набавка на две косилки;

-набавка на играчки;

-изработка на креативни патеки;

-набавка на прибор за јадење за деца (чинии, шолчиња, лажици);

• Објект 3

-санација и реновирање на купатило за деца;

-Санација на ѕидови и тавански површини на две спални соби, една просторија за активности и ходник;

-поставување на дрвена настрешница;

-набавка и монтирање на клима уред;

-набавка на играчки;

-изработка на креативни патеки;

-набавка на прибор за јадење за деца (чинии, шолчиња, лажици);

• Објект 4

-набавка на две правосмукалки;

-набавка на играчки;

-изработка на креативни патеки;

-набавка на прибор за јадење за деца (чинии, шолчиња, лажици);

• Објект 5

-набавка на играчки;

-изработка на креативни патеки;

-набавка на прибор за јадење за деца (чинии, шолчиња, лажици);

• Објект 6

-набавка на играчки;

-изработка на креативни патеки;

-набавка на прибор за јадење за деца (чинии, шолчиња, лажици);

• Објект 7

-набавка на играчки;

-изработка на креативни патеки;

-набавка на прибор за јадење за деца (чинии, шолчиња, лажици);

• Објект 8

-набавка на играчки;

-изработка на креативни патеки;

• Објект 9

-набавка на играчки;

-изработка на креативни патеки;

2.2.Уредувањето и одржувањето на дворните површини

Во поглед на уреденоста на дворните површини, конкретно може да се дефинира што е сработено во следниве насоки:

- Одржување и уредност на тревните површини;

-Одржување на постоечките реквизити;

- Одржување на оградата на дворовите и поправка на истата;

- Хортикултурно уредување на просторот околу објектите што значи дека во континуитет се уредуваат дворовите, тревата, жардињерите, дрвјата, грмушките;

- Градините се оплеменуваа тековно со сезонски садници и расади. Грижата и одговорноста за одржување на истите вработените ја споделуваа со дечињата од поголемите возрасни групи;

Во сите објекти дел од дворните површини се адаптирани и уредени за реализација на проектот на МТСП „Градини во детските градинки".

Во текот на целата година беа изведувани активности како обработка на почвата, садење на градинарски култури, наводнување, одржување, берење и конзумирање на плодовите.

Дворните површини во сите објекти се користени за утринска гимнастика, набљудувања, спортски игри и натпревари, одржување ритмо-денс активности на воздух, игра, забава и многу друго.

2.3.Дидактички и игровен материјал

Установата работеше по Програма за рано учење и развој која е целосно ориентирана на потребите на децата и семејствата, што подразбира создавање на стимулативна средина која постојано ќе го поттикнува секој сегмент од детскиот развој. Тоа може да се постигне доколку децата престојуваат во средина полна со дидактика и игровен материјал како основни средства за игра и учење. Поаѓајќи од горенаведеното, Установата и оваа година како и изминатите инвестираше во збогатување на фондот на играчки, едукативен и друг материјал којшто го стимулира детскиот развој.

Литературните катчиња во секој од објектите ги збогативме со едукативна и детска литература.

2.4.Библиотечниот фонд

Приоритет на збогатување на литературата оваа година се даде на сликовниците како основни помагала за децата од оваа возраст. Во секоја од групите обезбедени се нови наслови на детска литература, а обезбедени се нови наслови на стручна и детска литература во сите објекти, кои особено беа корисни за реализација на проектите и останатите дневни активности.

Покрај дел од изданија за деца, во библиотеката се наоѓа и стручна литература од областа на современа детска педагогија и психологија секогаш достапна на воспитно-згрижувачкиот тим за подигнување на воспитно-образовниот процес на повисоко и современо ниво.

Во текот на годината како работен лист и детско списание децата на возраст од 4-5 год. и деца на возраст од 5-6 год.го користеа списанието „Месечко“ и „Смешка“ по препорака на стручните работници и прифатен предлог од страна на Советот на родители во установата.

3.Прегледи за бројот на вработени и ангажирани лица

ПРЕГЛЕД

За бројот на вработени на неопределено време во установата за деца според работите
За остварување на дејноста (работно место) и според фактичката стручна подготовка

(состојба 31.05.2019година)

Р. Бр.	Општини	Вкупно	Фактичка стручна подготовка					
			Неопредe-лено време	Договор на дело	Определено време	Агенција за привремени вработувања	Итни и неодложни работи	Волонтери
1	2	3=4+5+6+7+8+9	4	5	6	7	8	9
1	**Раководни работници**							
	Директор	1	1					
2	**Стручни работници**							
	Педагог							
	Психолог	1	1					
	Социјален работник							
	Дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор	1	1					
	Логопед	1	1					
	доктор по медицина							
	Педијатар							
	доктор на стоматологија							
	др. Стручни работници							
3	**Згрижувачки кадар**							

	Негователь	67	67					
	негувател кој работи во група со деца со посебни потреби							
	негувател кој работи во група во која има и деца со посебни потреби							
4	**Воспитен кадар:**							
	Воспитувач	36	36					
	воспитувал кој равоти во група со деца со посебни потреби							
	воспичуват кој работи во група во која има и деца со посебни потреби							
	помошник воспитувач за група на деца со посебни потребни							
5	**Стручни соработници**							
	музички педагог							
	диплониран ликовен педагог							
	педагог по физичко воспитување							
	медицинска сестра							
	дипломиран професор по странски јазик и книжевност							
	социјален работник (VI степен)							
6	**Административен кадар:**							
	Благајник							
	администратот кој врши благајнички и други административни работи (архивар и сл.)							
	Секретар							
	Правник	1	1					

	Економист	1		1				
	материјален книговодител							
	книговодител кој врши и други работи							
	финансов книговодител							
	аналитичар-евидентичар							
7	**Готварски кадар:**							
	главен готвач							
	Готвач	3	3					
	помошник во кујна							
	помошник готвач во главна кујна	2	2					
	помошник готвач во чајна кујна	5	5					
	садмијачка-сервирка	**2**	**2**					
8	**Друг технички кадар:**							
	домаќин-возач	1	1					
	набавувач-возач	1	1					
	ложач на парни котли							
	ракувач на парни котли							
	ракувач на парни котли кој е и ложач							
	хаус-мајстор							
	градинар-чувар	3	3					
	Шивачка							
	Перачка							
	Пеглачка							
	Хигиеничар	21	21					
	ВКУПНО:	147	146	1				

4. Организација на работата во јаслените групи и градинката

4.1. Организација на работата во јаслените групи

Поаѓајќи од уверувањето колку се важни раните години од животот на детето, и колку овој период игра значајна улога во формирањето на неговата личност, изминатата година во градинката се трудевме да пружиме максимални здравствено-хигиенски услови за правилен раст и развој за децата згрижени во јаслените групи. Две групи се хомогени, а пет групи се со хетероген состав. Занималните во кои престојуваат децата се опремени со нов инвентар, дидактички материјал и играчки што одговараат на децата на оваа возраст.

Просторните услови во кои работат јаслените групи се одлични и се во потполност сообразени со стандардите и нормативите за овој вид на дејност и возраст и во рамките на објектите се просторно издвоени како одделни целини.

Воспитните групи се опремени со мебел сообразен со возраста на децата и утврдените нормативи и стандарди и истиот перманентно се обновува според потребите. Играчките и другите дидактички средства се сообразени со возраста на децата и истите имаат голема улога во развивање на емоционалниот и моторниот развој на децата.

Негата, исхраната и развојот од сите аспекти на децата од 0-24 месеци се организираше единствено со целодневен престој. Програмата за работа се реализираше преку воспитно-образовни игровни активности, згрижувачки и превентивно - здравствени, согласно на програмската поставеност на јаслените групи, како и најновите психолошко - педагошки сознанија за раниот развој на децата.

За време на негата и згрижувањето на децата им помагаме да учат низ 5 клучни развојни домени:

- Моторен развој и стекнување здрави и безбедни навики,
- Социо-емоционалниот развој,
- Развој на јазикот и стекнување на вештини за комуникација,
- Пристап кон учење и мотивација за учење нови работи,

- Когнитивен развој и стекнување нови знаења.

4.2. Организација на работата во детската градинка

Воспитните групи за деца на возраст од 2 до 6 години се формираа во месец септември, според законската регулатива и фактичката состојба.

Бројот на децата во текот на годината постојано се зголемуваше, така да поголемиот дел од групите годината ја завршија со број поголем од нормативот. Во месец септември се распредели постоечкиот воспитно-згрижувачки кадар и се формираа вкупно 49 градински и јаслени групи.

Просторните услови во кои се реализираше воспитно-згрижувачката дејност се добри, така да децата имаа одлични услови за престој, слободни активности, игри и воспитно-образовна работа. Сите воспитни групи беа опремени со соодветен мебел сообразен со возраста на децата, куклени катчиња со играчки, а секоја група располагаше со богат и разновиден дидактички материјал, што значи дека децата престојуваа во високо стимулирачка воспитна средина. При опремувањето на групите со мебел на преден план беше определбата за овозможување безбедена средина и доволно простор за слободно движење, игри и учење на децата.

Воспитувачите и негователите водеа сметка за холистичкиот развој на децата како и за приоритетните потреби за детскиот развој. Во планирањето на воспитните активности се водеше сметка за комплементарната поврзаност и меѓусебна условеност на сите домени, кои беа база на холистичкиот пристап за рано учење и развој на децата.

Во Градинката секогаш се водеше сметка за воспоставување и примена на поттикнувачкиот фактор кај децата, исполнување на нивните желби и потреби, слободниот пристап кон игра и истражување, а се креираше и применуваше инспиративен материјал. Децата беа поттикнувани пред т.н. проблем ситуации при што преку игра се учеа на решавање на едноставни и посложени ситуации во нивното опкружување. Со богати интелектуални ситуации се провоцираше детската љубопитност и се насочуваа на размислување и решавање на проблемите.

БРОЈНА ПОЛОЖБА НА ДЕЦАТА И ГРУПИТЕ ВО ПРЕДУЧИЛИШНАТА УСТАНОВА (состојба 31.05.2019)

	Објект	Капацитет	Опфатенидеца	Јасли				Градинка														Вкупно градинка		ВКУПНО	
				0-24 месеци		Вкупно Јасли		Возрасна група на деца од 2-3 год		Возрасна група на деца од 3-4 год		Возрасна група на деца од 4-5 год		Возрасна група на деца од 5-6 год.		Хетерогена група 2-6 год.		Игротека (скратена форма)		Деца со развојни потешкотии					
				Групи	Деца	Групи	Деца	Групи	Деца	Групи	Деца	Групи	Деца	Групи	Деца	Групи	Деца	Групи	Деца	Деца	Групи	Деца	Групи	Деца
ОЈУДГ" Димче Мирчев"-Велес	1	125	147	1	21	1	21	1	22	1	28	1	29	1	26	1	21			1	6	126	**7**	**147**
	2	260	439	2	63	2	63	3	80	3	95	3	104	3	97				2	7	12	376	**14**	**439**
	3	180	220	1	34	1	34	2	47	2	49	1	33	1	29	1	28			5	7	186	**8**	**220**
	4	120	187	1	36	1	36	1	36	1	30	1	29	1	31	1	25		1	4	5	151	**6**	**187**
	5	100	167	1	32	1	32	1	29	1	34	1	35	1	37					4	4	135	**5**	**167**
	6	125	164	1	31	1	31	1	29	1	35	1	30	1	39					5	4	133	**5**	**164**
	7 ГРАДСКО	32	31													1	31				1	31	1	**31**
	8 ЧАШКА	50	20													2	20				2	20	1	**20**

	9 КАРАСЛАРИ	40	18													2	18				2	18	2	**18**
	ВКУПНО	1032	1393	**7**	**217**	**7**	**217**	**9**	**243**	**9**	**271**	**8**	**260**	**8**	**259**	**8**	**143**		**3**	**26**				**1393**

Забелешка: Децата од колоната деца со развојни потешкотии веќе се собрани во бројот на групите

5. Реализација на програмите за воспитно-образовната работа

Нашата установа ја реализира Програмата за рано учење и развој и Стандардите за рано учење и развој. Покрај оваа програма во установата се спроведува и Програмата „Еко-градинка"-Интеграција на еколошката едукација на македонскиот образовен систем, како и факултативни програми и тоа: Ритмика и балет, Физичко рекреативна активност-спорт и Англиски јазик.

5.1. Реализација на воспитно-образовната работа во воспитните групи

Годишната програма за работа на ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес е донесена во Септември 2018 година. Во нејзината подготовка учествуваа стручните работници и соработници, а истата беше усвоена од страна на Управниот одбор на Установата и Советот на Општина Велес.

Воспитно-образовната работа со децата се реализира врз основа на Програмата на рано учење и развој и согласно Стандардите за рано учење и развој.

Програмата е заснована на холистички пристап и се посветува внимание на следните домени:

- Физичко здравје и моторен развој,
- Социо-емоционален развој,
- Развој на пристап кон учење,
- Развој на јазикот, описменување и комуникација,
- Когнитивен развој и стекнување на општи знаења.

Врз основа на оваа програма се изготвуваа годишно планирање, среднорочни-тематски и краткорочни-дневни оперативни планови.

При планирањето се почитуваа општите цели за развојниот период на детето до 6 години, и тоа:

- создавање работни навики;
- да развива сопствен пристап и стил кон учењето;
- да се поттикнува интерес за користење на различни форми и извори на информација;

- да се развиваат способности за самостојно користење на внатрешна мотивација за изведување на посложени задачи;

- да се поттикнува кон селективно избирање активности од повеќето што му се нудат, согласно со личните интереси и начинот на разбирање и прифаќање;

- да се развива способност за започнување на одредена активност и истрајност во реализацијата во нејзиното завршување;

- да се охрабрува за изразување на креативност низ процесот на учење и развој;

- да се развива способност за користење на искуства базирани на претходни знаења, во градењето на личен пристап

- создавање позитивни емоции, задоволство по завршената работа.

5.2. Реализација на интернипроекти со децата во Установата

Во најопшта смисла проектите се план или збир на интелектуални и практични активности, поврзани и испреплетени меѓу себе. Главна цел на овие активности е да ги поттикнат речиси сите компоненти на детскиот развој го поттикнат интересот, љубопитноста,креативноста,фантазијата и пред се прошират дијапазонот на сознанија.

Истражувањата говорат дека проектите се едни од најуспешните и за децата најинтересен начин на учење.

Поради тоа што голем дел од она што децата го учат во преучилишна возраст го учат брзо и лесно, детската љубопитност воспитувачот ја негува и поттикнува, имајќи во предвид дека детето никогаш нема да научи толку многу и за кратко време како во предучилишна возраст.

Децата работејќи на проектот имаат можност да набљудуваат, прашуваат, истражуваат и со тоа доаѓаат до одредени заклучоци, ги прошируваат своите сознанија во рамките на можностите, активирајќи ги при тоа своите способности.

Оваа година се реализираа проектни активности во големите и средните групи на следните проекти:

„Пчелата и медот"

„Гордо го носам името на мојата градинка"

„Открај ги спортовите"

„Градиниводетскитеградинки"

„Бон-тон"

„Оддетезадете"

„Градотниздетскитеочи"

„Семејство и семејните вредности"

„Моја хигиена - моја навика"

„Традиционални игри"

„Рециклирање со имагинација"

„ Здрави животни навики"

„Почитување на различности и мултикултурализам во раниот детски развој"

5.2.1. Проект „Пчелата и медот"

ОЈУДГ "Димче Мирчев"-Велес оваа воспитно-згрижувачка година го реализираше проектот „Пчелата и медот" во кој целна група беа децата од 5-6 годишна возраст.За успешна реализација на проектот се погрижи стручата служба и воспитно - згрижувачкиот тим од групата со соодветна возраст на деца.

Остварени цели на проектот:

Со овој проект децата развија способности за разбирање на важноста на сопственото здравје и благосостојба, ги проширија знаењата за пчелата како инсект со сите нејзини карактеристики и нејзиното значење за природата, се запознаа со медот како здрава храна и со професијата пчелар. Низ активностите на овој проект децата стекнаа способности за воспоставување на интеракција со околината преку комбинација на сетилата и моторните вештини, користејќи различни форми и извори на информации,

употребуваа нови поими и претстави и ги поврзуваа во систем на знаење и логичко размислување.




Активности:

Децата преку едукативни разговори,посети, игри, творечки активности,литературни творби богати со говорен и пишан јазик, колективни игри со музички карактер и моторички активности важни за нивното здравјеи безбедност се запознаа и едуцираа за пчелата како инсект со сите нејзини карактеристики и нејзиното значење.. Проектот се реализираше од Октомври 2018 година до Мај 2019 година преку следните активности:

Октомври

1. „Пчела“ - карактеристики
2. „Мед“ - производ

Ноември

1. „Пчеличката Маја“ – анимиран филм „Медени игри“
2. „Пчеличката Маја“ – анимирен филм „Кошница

Декември

1. „Мојата пчелка“ – творечка раборилница

2. „Лажица мед на ден и здрав сум како дрен“ - дегустација

Јануари

1. „Пчеличка и дете“ – песна „Златно славејче 1990г.

Февруари

1 „Пчеларство“
2. „Чичко пчелар“ - професија

Март

1. „Во шумичкаедна Меца“ – подвижна игра
2 „Острата стгрела на малата пчела“ - емоции

Април

1. „Пролетна прошетка“ – текст
2. „Лета, лета пчеличка“ – Еко работилница

Мај

1. „Медени колачиња од вредни дечиња“ – работилница „Здрава храна“

Проектот заврши со манифестација – завршна приредба под истиот наслов во која учество земаа над 300 деца на возраст над 5-6 години.

5.2.2.Проект „Гордо го носам името на мојата градинка”

ОЈУДГ “Димче Мирчев”-Велес оваа воспитно-згрижувачка година го реализираше проектот „Гордо го носам името на мојата градинка” во кој целна група беа децата од 4-5 годишна возраст. За успешна реализација на проектот се грижеше стручната служба и воспитно - згрижувачкиот тим од групата со соодветна возраст на деца.



Остварени цели на проектот:

Со реализација на овој проект децата се запознаа со симболиката на името што го носи нивната градинка но и со имињата и симболиката на имињата на другите градинки на установата.Тие го осознаа името на својата градинка преку игра, цртежи и експонати, се стекнаа со многу нови солзнанија и воедно ги развиваа позитивните емоции и креативноста.

Октомври

„Ние сме мали маргаритки, сонцињa,детелинки...“

Ноември

„Креативна работилница“

- Изработка на симболот на секој објект од несекојдневен материјал (соработка со родители)

Декември

„Имитативни игри“

-игри поврзани со името на градинката

Февруари

„Заедно сме „Димче Мирчев“

-запознавање на децата со имињата на другите објекти

Март

„Името на мојата градинка“

-изработка на бец за секое дете со симболот на објектот

Април

„Одбележување на патрониот празник“

Мај

„Раскажи ми приказна“

Централна активност на овој проект беше креативната работилница „Горди на своето име“ која се реализираше во дворот на Објект 2 „Сонце“ со сите дечиња од возрасните групи над 4-5 години згрижени во установата, на која публика беа родителите на дечињата и соработниците на установата.

5.2.3.Проект „Откриј ги спортовите”

Во нашата установа ОЈУДГ „Димче Мирчев” - Велес веќе по традиција се реализира проектот за спорт- оваа година под наслов „Откриј ги спортовите”, во реализацијата на овој проект учествуваа стручни надворешни соработници (дипломирани професори по физичко и здравствено воспитување, спортисти, тренери) и воспитувачи од нашата установа.

Остварени цели на проектот:

- Воведување во разни спортови и запознавање со некои спортски реквизити;
- Доближување на децата од рана возраст до спортот, како здрав начин на живот;
- Развивање и усовршување на: фаќање, фрлање, тркалање, трчање, скокање, качување, симнување, провлекување;
- Запознавање со спортските објекти во нашиот град;
- Усвојување знаења за потребата од телесни и спортски активности ;
- Зачувување, подобрување и усовршување на здавјето на детето - јакнење на организмот;
- Подобрување на способноста за ориентирање во просторот;
- Оспособување за самоконтрола на движењата;
- Влијание на развој и усовршување на основните природни движења;
- Оспособување движењата да ги започнува и завршува заедно со другите и координирано;
- Влијание на развој на психичките процеси;
- Влијание на развој на позитивни емоции.



5.2.4.Проект „Градини во детските градинки"

Со оглед на тоа дека здравата храна е значајна за правилен раст и напредок кај децата, децата беа вклучени во одгледување на некои видови овошје, зеленчук и зачини, го следеа процесот на растење и созревањето, учествуваа во приготвувањето и ги конзумираа продуктите.

Остварени цели на проектот:

- Запознавање на децата со процесот на одгледување на растенија;
- Запознавање на децата со некои карактеристики на растенија што ги засадуваат;
- Запознавање со сличностите и разликите на зеленчукот и овошјето преку воочување и вкусување;
- Запознавање на децата со начинот на правилно конзумирање на здрава храна;
- Запознавање со останатото овошје и зеленчук кое неможат да го засадат и се запознаваат со неговите карактеристики, специфичности и значењето за добро здравје и правилен развој на секое дете.

5.2.5.Проект „Бон-тон"

Бон-тонот претставува кодекс на однесување на кој треба да се придржува секој припадник на општеството, правила на убаво и пристојно однесување во било која ситуација. Тој не учи како треба да се однесуваме, изразуваме и комуницираме во секој момент и зборува за нивото на развиеност на нечија култура. Бон-тонот за деца бара низа на постапки, кои се бараат од нив да ги направат. Правилата на однесување што детето ќе ги научи во детството со сигурност ќе ги памети цел живот.

Проектот се реализира со децата од 4 до 6 годишна возраст од страна на воспитно-згрижувачкиот кадар.

Остварена цел на проектот:

Едукација на децата од предучилишна возраст за значењето наубавото и пристојно однесување што ќе им овозможи полесно прифаќање во општеството и подобар живот.

5.2.6.Проект „Од дете за дете"

МТСП во соработка со градинките отпочна со реализација на проектот „Од дете за дете". Проектот е насочен на обезбедување на облека, подароци како и друга детска опрема која беше наменета за болни дечиња, деца од ранливите категории и децата без родители и родителска грижа. Овој проект се одвиваше преку хуманитарна акција преку која уште од најрана возраст ги поттикнувавме децата да бидат солидарни, да помагаат и научија колку е важно пријателството.

5.2.7.Проект „Градот низ детските очи"

Запознавањето, распознавањето и именувањето на карактеристичните обележја на својата култура, институциите и знаменитостите кои го бележат минатото се реализираше преку проектот „Градот низ детските очи". Целна група беа децата од 5-6 год.

Остварени цели на проектот:

- Развивање љубов, интерес, чувствона патриотизам, почитување, грижа и одговорност кон сопствената татковина, народ, родното место, местото на живеење;
- Запознавање со културното и историското богатство на својот народ и својата татковина, како и да им се наметнат навики за негово перманентно чување и збогатување.

5.2.8.Проект „Семејството и семејните вредности"

Во текот на континуирано спроведување на проектот децата научија да ги почитуваат вредностите на семејството бидејќи во семејствотосе раѓаме, ги споделуваме првите радости,солзи, ги усвојуваме животните навики, се подготвуваме за животните и

егзистенцијални потреби, учиме да сакаме, почитуваме. Се воспитуваме за моралните норми и вредности. Семејството е суштинско-коренотна секој човек. Семејството е место каде детето треба да се чувствува безбедно, сакано и прифатено. Семејството е, и ќе остане најважен столб, основа за секое дете, а сложното семејство, основа за развивање и растење на детето. Во проектот беа вклучени деца од 4-6 годишна возраст, воспитно-згрижувачки кадар, стручниработници и соработници, и родители.

5.2.9. Проект„Рециклирање со имагинација"

Со овој проект се врши едукација на децата од предучилишна возраст за бенефитите од селектирањето на отпадоци и неговото рециклирање.

Иницијативата на овој проект е општа култура на новите генерации во знаење дека животната средина е клучна вредност која треба да биде заштитена. Здравиот начин и свеста за проблемите на животната средина, за кои треба да сугерираме за поголемо внимание и почитување на правилата на заштита на светот и неговите ресурси. Проектот ќе се реализираше со децаод 3-6 годишнавозраст.

Придобивки од Проектот „Рециклирање со имагинација"

Во текот на реализација на проектот децата научија како правилно се рециклира отпадот и за какви намени потоа може да се искористи со што се намалува количината на мешан отпад, воедно децата осознаа што се добри животни навики и каква корист се има од нив.

5.2.10.Проект„Мојахигиена-мојанавика"

Со имплементација на овој проект се исполнуваат основните програмски претпоставки на заштита, односно згрижување и едукација на децата од предучилишна возраст до вклучување во основно образование. Грижата за хигиената е една од основните мерки за зачувување на здравјето.

Придобивки од Проектот „Моја хигиена-моја навика“

Преку реализација на воспитно-образовниот процес предвиден во програмата, се обезбедува запазување на потребното ниво на хигиена и навиките за водење на личната хигиена. Во проектот ќе бидат вклучени деца од 2-6 години. Со реализација на проектот се постигнати низа цели како начинот на кој се одржува личната хигиена и препознавање на материјалите и средствата за одржување на истата, во текот на проектот се поттикнуваше и развиваше мисловниот процес, како и способност за искажување и опишување на личните доживувања. Важен момент беше и поттикнување на трпеливост и истрајност.

5.2.11.Придобивки од проектот „Здрави животни навики“

Реализирајки го проектот на децата во градинката им е овозможена средина во која детето развива здрави животни навики и стекнуваат вештини за препознавање на опасни ситуации и безбедно однесување во околината. Кај децата се разви самостојност и независност за извршување на секојдневни активности, а воедно се зајакна и функционалната комуникација меѓу децата.

5.2.12.Придобивки од проектот „ Традиционални игри“

Традиционалните детски игри се дел од народната култура и целта на проектот е да да се ткаат во современите текови и кај децата да се развие креативен дух и можност да запознаат нешто ново поврзано со детството на нивните родители. Беа практикувани традиционални игри со упатства, а исто така беа ораганизирани заеднички активности со родителите за изведување на традиционалните игри во нивните семејства.

5.2.13.Почитување на различности и мултикултурализам во раниот детски развој

Преку активностите кои што се реализираа се промовираше почитување на различностите и мултикултурализмот на тој начин што креира услови кои овозможуваа кај децата

-да се развие самодовербата и сигурноста во себе;

-прифаќање на различностите и сличностите по било која основа;

-препознавање на постапките кои ги повредуваат другите и да ги разберат последиците од таквите постапки;

-да научат како да реагираат при манифестација на стереотипи,предрасуди и дискриминација насочена кон себе или кон другите.





5.3.Проект „Вклучување на деца-Роми во Јавните општински установи-Детски градинки во Република С. Македонија"

Проектот веќе повеќе години се реализира во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Општина Велес. Оваа година се реализираше во објектите 1,3 и 4 но бројот на вклучени деца вариираше од 12 до 14 деца од ромска националност, со целодневна форма на престој и обезбеден такси превоз од дома до градинка. Напредокот кај овие деца е очигледен, особено во совладување на македонскиот јазик, активно учество во сите дневни активности и целосно ангажирање во процесот на учење низ игра.

5.4.ЕКО проект

Програмата "ЕКО - градинка" е еден од проектите на едукативната програма "Немаме резервна планета" и има за цел стекнатото знаење на темата животна средина да се примени и во пракса. Преку ова програма се подигнува свеста и на децата, на воспитувачите, на техничкиот персонал, на родителите и на сите други кои се вклучени директно или индиректно во нашата заедница на тема заштита на животната средина, а со тоа ќе се овозможи теоретското знаење да се примени во секојдневниот живот.

Со оваа програма децата и воспитувачите стекнуваат активна и одговорна улога која ќе ја практикуваат во градинката, во домот, но и во својата заедница и пошироко.

Вклучувањето и активна улога на децата е една од главните цели, како и сорботка на градинката со локалната заедница, родителите, бизнис секторот, медиумите и сите други фактори од зедницата. Таа е демократска и интерактивна програма која им нуди одлична можност на децата да научат како да го дадат својот придонес кон светските напори за зачувување на планетата Земја.

Веќе постои дизајнирана меѓународна програма за еко-градинки со која се охрабруваат активностите на полето на животната средина на целата градинка.

Како резултат на повеќегодишното реализирање на Еко програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот обрфазовен систем" и низата активности во рамките на Еко проектот, нашата градинка е меѓу првите предучилишни установи добитници на ЕКО ЗНАМЕ.

Покрај активностите што беа предвидени со Годишната програма, Во рамките на ЕКО проектот беа реализирани и дополнителните активности за кои голем интерес и активно учество покрај децата, воспитно-згрижувачкиот персонал и сите вработени во градинката, земаа и родителите.

Во тој контекст беа реализирани следни активности:

- Акција за собирање на пластични шишиња и стара хартија, која траеше во текот на целата година и во која учествуваа родителите и вработените;

-Акцијата за собирање на искористени батерии, во која учествуваа родителите и вработените континуирано траеше вотекот на целата година.

5.5. Програми реализирани од надворешни соработници во Установата

Интересот за овој вид активности е секогаш голем, така да оваа година активностите по **англиски јазик** беа проследени во шест објекти на градинката и истите беа водени од надворешен стручен соработник по англиски јазик. Со оваа програма беа опфатенидецатана возраст од 4-6 години.

Програмата е приспособена за возраста и способностите на децата и истата беше презентирана на родителските средби одржани на почетокот на учебната година.

Работата со децата е потполно во согласност со развојните детски можности и потреби, почитувајќи го принципот на постапност и систематичност. Особено е важно тоа што децата учат преку игра преку која им се даваат јасни, сликовити поттикнувања како што полесно и појасно би ги осознале новите зборови.

Содржините се реализираа преку детска игра со употреба на аудио и визуелни средства, образовни постери, слики и предмети во самата занимална како и набљудување и користење на разни реквизити во самата градинка.

Ритмичко- танцовата рекреативна програма која со децата ја изведуваше надворешен соработник и оваа година кај децата предизвика особен интерес и големо задоволство, па во истата беа опфатени децата на возраст од 4-6 години.

Поставените цели на ова програма беа целосно реализирани и децата имаа можност да играат на детска и друга адекватна музика, да ги направат првите чекори во

традиционалниот фолклор, да танцуваат на познати музички рефрени, да го пробаат класичниот балет и др.

Една од значајните задачи што овој тип на активности ги овозможуваат е созревањето за сценски изведби и настапи, ориентацијата во просторот, социјалната интеракција и можноста за јакнење на самодовербата.

И оваа година се реализираше физичко рекреативна активност-**спорт** како изборна активност. Истата беше реализирана од надворешни стручни соработници-професор по физичка култура од Здружението за спорт, рекреација и анимација „Шампиони Јуниор". Активноста беше воведена со цел подобрување на психо-физичкиот развој на децата,превенирање на појава на телесни деформитети, подобро и поведро расположение на децата. Оваа изборна активност се спроведуваше еднаш во текот на седмицата преку физички и рекреативни активности со децата од 4-6 години.

6.Стручно усовршување на кадарот

Постојаното усовршување на нашиот воспитно-образовен систем, од реализаторите на воспитно-образовната програма бараа активно вклучување и континуирано следење на истите со стручно и професионално усовршување на воспитно-згрижувачкиот кадар. Активното учество во професионалниот развој на практичарите им овозможува да се стекнат со нови знаења и вештини, да ги оформат ставовите и да ја збогатат својата личност. На тој начин воспитно-згрижувачкиот персонал ги развива своите компетенции, со цел да достигне висок квалитет во својата секојдневна работа во согласност со современите трендови и барања на предучилишната теорија и пракса.

Стручниот совет во изминатиот период разгледуваше документи на Установатаод областа на дејноста: Годишна програма, Годишен извештај и полугодишен осврт на воспитно образовната работа, договори за конкретни активности.

Во текот на извештајниот период вработените ги посетија следните обуки:

- „Примена на интегрирани и интерактивни пристапи според Програмата за рано учење и развој", организирано од Педагошки факултет „Св.Климент Охридски" Скопје и Издавачка куќа „Просветно дело" во која учество земаа 3воспитувачки и 1 негувателка;

- Презентација на „Постапка за обнова на лиценца за стручни работници", организирана од МТСП и УНИЦЕФ во соработка со ЕЦД КОР, во која учество земаа 1 воспитувач, 1 негувател и 3 претставници од раководно-стручниот тим.;

- Работилница: „Растеме и се развиваме со квалитет" во организација на Асоцијација „Ластовица" и „Андреј Компани", во која учество земаа 2 претставници од раководно стручниот тим, 3 воспитувачки и 2 негувателки;

- Дисеминација на тема „Постапка за обнова на лиценца на стручни работници" организирана од Установата (интерна обука) на која учествуваа сите вработени воспитувачки и негувателки.

- Работилница „Зајакнување на улогата на граѓанските организации за квалитетно Предучилишно образование, воспитание и згрижување " организирано од Фондација за образовни и културни иницијативи – Чекор по чекор, финансирано од ЕУ во која учество зема 3 воспитувачки и 1 претставник од стручната служба;

- Обука „Национална рамка за квалитет на Предучилишно образование,воспитание и згрижување" во организација на Фондација за образовни и културни иницијативи – Чекор по чекор финансирано од ЕУ, во која учествуваат 3 воспитувачки и 1 претставник од стручната служба;

- Работилница „Тимско работење и промени" организирана од Установата на која учествуваа 34 негувателки, 3 воспитувачки и 2претставници од стручниот тим;

- Работилница „Основи и практична примена на сензорнаинтеграција" интерна обука организирана од Установата на која учество земаа 6 воспитувачки, 34 негувателки и 2 претставници на раководно-стручниот тим.

- Завршна конференција „Зајакнување на улогата на граѓанското општество за квалитетот на Предучилишно образование, воспитание и згрижување организирана од Фондација за развој на образовни и културни иницијативи – Чекор по чекор поддржано од ЕУ на која учествуваа 2 претставници на раководно-стручниот тим.

- Интерна обука „Препознавање и управување со однесувањето на децата со аутистичен спектар" организирана од установата во соработка со претставникот од

„Мировен корпус“ на која учество земаа 10 воспитувачки, 10 негувателки и 2 претставници на раководно-стручниот тим.

- Предавање на тема со проблемикте со говорот кај децата „Чекор по чекор до правилен говор“ организирано од институтот „ИНАКУ“ на кое учествуваа 2 воспитувачки.

- Обука „Програма за колегијална поддршка“ организирана од МТСП и УНИЦЕФ на која учествуваа 2 воспитувачки. Во текот на изминатиот период се одржаа уште 3 модули како дел од оваа обука.

- Презентација на „Обука за ефективни предучилишни воспитувачи“ организирана од МТСП и УНИЦЕФ на која учествуваше 1 претставник на стручната служба.

7.Здравствена дејност

Здравјето и сигурноста на децата се основни приоритети за квалитетна воспитно-образовна работа. Целта на сите вработени беше, Установата да понуди високо квалитетни услови, како здравствени така и хигиенски, се со цел успешно воспитување и нега на згрижените деца.

Хигиената во објектите на градинката кои се дисперзирани низ различни делови на градот е на високо ниво, благодарение на целокупното залагање на сите вработени,а особено техничкиот персонал. При увидите извршени од страна на Санитарниот Здравствен инспекторат, констатирано е дека хигиената во објектите е на високо ниво, како и во просториите(занимални, трпезарии, холови, тоалети).

Дезинфекција во објектите се врши континуирано, додека дезинсекција и дератизација во текот на годината се изврши во два наврати.

Од страна на стручни лица од Центарот за јавно здравје-Велес кај децата беа извршени антропометриски мерења а, кај децата од големата група беа извршени систематски прегледи потребни за поаѓање во училиште во одделот за школска медецина при ЈЗУ „Здравствен дом“.Исто така и кај вработените беа извршени редовни систематски прегледи во Центарот за јавно здравје-Велес.

Во рамките на Националната стратегија за орално здравје од страна на тимот за превентивна детска стоматологија при ЈЗУ Здравствен дом-Велес, и оваа година беа

организирани циклус едукативни работилници со децата од возрасните групи од 5-6 години. Едукативните предавања, презентации и работилници во 2 циклуси на 2 различни подтеми. Истите имаа за цел да ги информираат и едуцираат децата за значењето на здравјето на забите преку правилна исхрана, хигиена, заштита и редовна посета на стоматолог.

И оваа година се извршени офталмолошки скринизи кај деца од 3-6 годишна возраст од страна на Лајонс Клуб Велес во рамки на проектот „Деца со пречки во видот" финансиран од УСАИД и ЛЦИФ.

Согласно Одлуката за прогласување на епидемија на мали сипаници донесена од Министерството за здравство и Решението од Државен санитарен и здравствен инспекторат од наша страна се превземаа соодветни санитарно-хигиенски и противепидемиски мерки.

Значаен фактор при заштитана здравјето и правилен раст и развој на децата е **квалитетната храна.** Храната се подготвува во современо опремената главна кујна која функционира во рамките на објект 6, а во останатитеобјекти храната се дистрибуирадо помошните кујни со возило кое единствено се користи за таа намена. Со доопремување и осовременување на централната и помошните кујни се постигнаа високи ефекти особено во делот на квалитетот на храната и брзината на нејзиното изготвување.

Квалитетот на храната и оброците континуирано се следи и контролира од страна на претставник-нутриционист од МТСП. Извештаите од истиот упатуваат дека и оваа година квалитетот на храната ги задоволуваше поставените стандарди.

8. Инклузија на деца со потешкотии во развојот

Една од определбите на современите градинки е **инклузија на деца со потешкотии во развојот**, што подразбира и настојување за подобрување и унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и рехабилитацијата на децата со посебни потреби. Односно, тоа подразбира воспитно-образовна пракса која има пристап насочен кон детето, неговите интереси, способности, вештини и потенцијали.

Современите истражувања покажуваат дека навременото откривање, правилната функционална проценка, раните развојни стимулации и вклучувањето во воспитно-образовниот процес даваат позитивен ефект во развојот на децата кои покажуваат одредени развојни потешкотии. Долгогодишното наше искуство од работата со деца кои имаат потешкотии во развојот, докажа дека градинката е вистинско место и можност за поттикнување и стимулирање на детскиот развој, за што говорат и постигнатите резултати кај поголемиот дел од децата вклучени во воспитно - образовната работа. Овој принцип на работа позитивно делува и кај останатите деца во групата кои уште од мала возраст учат да градат позитивен став кон лицата со посебни потреби.

Оваа година во градинката кај 26 деца беа детектирани потешкотии во развојот и со истите работеа 2-ца дефектолози од установата и волонтер од Мировен корпус кој е соодветен за работа со деца со потешкотии во развојот. Децата се на возраст од 2-6 години со различни видови на потешкотии: забавен психомоторен развој, дисхармоничен развој, потешкотии во говорниот развој (забавен говорен развој и развојна дисфазија, додека децата со артикулативни потешкотии и пелтечење се препратуваат на логопед), елементи од аутистичен спектар, деца со физички и моторни потешкотии и сл. Со нив се применуваше индивидуализиран принцип на работа од страна на дефектологот, а воспитувачите процесуираа дел од активностите и содржините адекватни за нивните потенцијали. Со дел од децата се спроведуваше и третман во собата за сензорна интеграција во склоп на Центарот за едукација, рехабилитација и советување ИСКРА (во објект 6 –Звончица).

Раната возраст е период кога се развива говорот кај децата, така да градинката е исклучително значајна средина за развивање и стимулација на говорните вештини. Во овој предучилишен период се јавуваат и потешкотии во говорот кај одредени деца во смисла на задоцнет говорен развој, потешкотии и неправилности во артикулацијата на одредени гласови, потешкотии при формирање на правилна и граматички точна реченица, пелтечење и др.

9. Културна дејност

9.1. Соработка со родителите

Примарните односи помеѓу градинката и семејството се воспоставуваа со секојдневна отвореност на Установата и редовна комуникација која беше реализирана низ повеќе форми :

- **дневна комуникација со родителите**
- **пишана комуникација**
- **непосредно учество на родителите**
- **родителски средби**

Дневната комуникација се реализира преку секојдневните контакти со родителите при приемот и испраќањето на децата и се однесува на потребите, интересите на децата и други важни информации.

Пишаната комуникација завзема добар дел од соработката со родителите. Континуирано родителите добиваат пишана информација за темата на реализација, за потребните материјали и очекувања од истата. Кај поголем дел од групите функционираат информативните табли на кои се истакнуваат секојдневните изработки на децата и информации значајни и интересни за родителите.

На почеток на годината одржани се родителски средби во сите возрасни групи и во сите објекти на установата.

Пракса на установата е постојана соработка со родителите меѓу другото и нивно учество во работилници по разни поводи. И оваа година покрај наведените примери на соработка, родителите земаа учество и во повеќе работилници.

Активно учество на родителите имаше во проектот „Од дете за дете" чија цел беше донирање на детска облека, детска опрема и играчки наменета засоцијално-загрозени семејства..

Во рамките на проектот „Гордо го носам името на мојата градинка" драгоцена ни беше соработката со родителите, како и при одбележување на манифестацијата „Да ја поздравиме есента" со изработка костими со есенски мотиви и манифестацијата „Децата за Велес" со изработка на макети карактеристични за нашиот град.

Проектот „Пчелата и медот" се реализираше во партнерска соработка со родителите кои помогнаа во негова целосна успешна реализација.

Традиционалните активности за одбележувања на празници и настани (Велигден, Прочка, Априлијада) се реализираа со помош и поддршка на родителите.

Еко акциите за собирање на хартија, пластика и искористени батерии и понатаму се реализираше во соработка со родителите, медиумите, јавните претпријатија и др.стопански субјекти од градот.

Дел од родителите присуствуваа на едукативната работилница „Препознавање и управување со однесувањето кај децата со аутистичен спектар" организирана од дефектолозите во нашата установа заедно со волонтерот на Мировен корпус.

Следејќи ги актуелните случувања, уште пред да се прогласи епидемија на мали сипаници, Установата во соработка со „Здравен дом" Велес организираше едукативно предавање за родителите на тема „Актуелности-Вакцинација кај децата"

9.2.Соработка со предучилишните установи од другите градови

Соработката со другите предучилишни установи е со цел унапредување на целокупната дејност во градинката, а се реализираше преку организација на заеднички работни средби и учество на семинари каде контактите се непосредни со постојана размена на искуства.

9.3.Соработка со установи, институции и НВО

Ученици при ОСУ „Димитрија Чуповски"-Велес, насока медицински сестри изведуваат 10 дневна практична настава во нашата градинка.

При реализација на проектот „Градот во детските очи" реализирана е посета на познати објекти во градот и остварена е соработка со: Спомен костурница, Народен музеј, куќата на Кочо Рацин, Пречистителната станица за вода на ЈКП Дервен.

Во соработка со Театар „Ј.Х.К. Џинот", децата на возраст над 5-6 години ги следеа театарските претстави: „Заспаниот супер херој", „Златната рипка" и „Снешка Смешка и Тео го спасуваат Дедо Мраз".

Агенцијата за спорт и млади по повод „Европската недела на спортот" организираше спортски активности со децата над 5-6 години од објектите 2 и 3 и настан „Најмалите во спортот" со децата над 5-6 години од Објект 1.

Клубот на писатели „Коста Солев Рацин" Велес организираше поетско читање за децата од Објект 2 во рамките на Поетскиот караван на 51-вите Детски Рацинови средби.

Остварена е соработка со КУД „Керамичар" и КУД „Коле Неделковски" во вид на предновогодишни мини концерти за дечињата од сите објекти на установата.

„Winerlife " Македонија за децата над 5-6 години од Објект 2 реализираа презентација и едукација за детско штедење преку ликовна работилница.

Со ООУ„Кирил и Методиј„остварена е соработка при одбележување на Патронатот на училиштето преку активностите „Игри без граници" и „Бабини игри",манифестација во која учествуваа децата од 5-6 години од објектите 1, 5 и 6 и за нивното учество добија дипломи.

Во соработка со ЗСРА „Шампиони Јуниор", а во рамките на проектот „Откриј ги спортовите" возрасната група (4-5 год.) од објект 5 ја реализираа активноста „Запознај ги спортовите-Безбедност во вода" на која децата имаа едукативна презентација, а потоа имаа несекојдневна можност да се возат во гумени чамци на езерото „Младост".

Со Министерството за труд и социјална политика и Локалната самоуправа и соработката се одвиваше континуирано, најчесто од консултативни разговори со предучилишниот сектор.

9.4. Соработка со медиуми

Соработката со медуимите беше на највисоко ниво. На медиумите им беа презентирани сите значајни активности и манифестации за кои сметавме дека треба да слушне и види пошироката јавност. Потесна соработката се остваруваше со сите локални телевизии, радио станици и веб портали во текот на реализацијата на активностите.

9.5.Јавни манифестации на организацијата во изминатата година

Презентирањето на работата на градинката е една од можностите, родителите и пошироката јавност да дознат повеќе за работата на истата, за креативниот и творечки потенцијал на вработените, а најмногу за светот на децата кој е единствен, привлечен и многу значаен.

Во месец Септември во секој од објектите **Првиот ден во градинка** беше одбележансо спортски игри, игри со балони и кратки драмски едночинки од страна на воспитниот кадар за добредојде на дечињата. Свечено беше одбележан и **Денот на независноста на Р. Северна Македонија** со ликовни работилници и приредби изведени од децата.

„Ден на здрава храна" кој беше одбележан со активноста „Насмеан појадок" во сите градински групи.

„Меѓународен ден на мирот" го одбележаа децата од сите објекти, преку креативни работилници испратија низа пораки за чист воздух.

Детската недела е првата полна недела од месец октомври која во цел свет се одбележува, така што и нашата Установа по тој повод за секој ден организираше одредени активности со цел запознавање на пошироката јавност со значењето на Детската недела. Во текот на Детската недела беа реализирани:

- Значењето на детската недела
- Еко ден
- „Мал театар"
- Спортски ден
- Музички ден

Децата од помала возраст учествуваа во активности организирани во објектите и на начин адекватен на нивната возраст ја одбележаа детската недела.

Децата од објектите 1, 2 и 6 на возраст 5-6 год. земаа учество на **„Фестивал на пити и вино“.**

Одржани се пригодни одбележувања во сите објекти по повод: **11-ти Октомври,** во изведбата воглавно учествуваа децата од големите групи.

Празникот на нашиот град, **9-ти Ноември** беше одбележан преку интерни приредби во објектите, а децата на возраст од 5-6 години од сите објекти учествуваа на настанот **„Децата за Велес“** организиран од Општина Велес.

„Да ја поздравиме есента” е манифестација која традиционално секој објект ја организира посебно и децата од сите објекти на свој и креативен начин ја испратија есента.

Во секој од објектите беше организирана новогодишна забава **„Веселиот Дедо Мраз”**, кое другарување како и дарувањето на пакетчиња кај сите дечиња од установата предизвика голема радост и задоволство.

Учество на децата од 5-6 години од објектите 2 и 3 на новогодишен хепенинг во со украсување на природни елки во Младински парк со еко-новогодишни украси и пораки.

Во текот на месец март ги одбележавме уште два значајни празници **Денот на жената со наслов „Љубов за сите мајки“ одбележан со подарување на еко-цвет на сите мајки и жени.**

Одбележувањето на **Први април - Денот на шегата,** веќе е традиција на Установата. Овој ден е секогаш дочекан со радост, како од децата така и од возрасните со учество на манифестацијата организирана во Младински парк од страна на Општина Велес.

Патрониот празник на Установата 7-ми Април, како и секоја година беше одбележан со положување на цвеќе пред бистата на патронот во објект 2 “Сонце”на кои покрај децата од Установата учествуваа и поддржувачи на делото на Димче Мирчев-нашиот патрон.



Традиционално се одржа и креативна работилница од возрасните групи од 4-5 год. **„Горди на своето име "** како завршница на проектот **„Гордо го носам своето име".**



„Денот на планетата Земја" децата го одбележаа со активности за рециклирање и имагонација со еко-активности.

По повод „Денот на Европа" деца на возраст од 5-6 години учествува во креативна ликовна работилница **„Децата за ЕУ".**

Децата од објект 4 на возраст од 5-6 години учествуваа на настанот **„Да трчаме здраво е"** организиран од ДРГЗП-Велес.

Со дружење на родителите, воспитно-згрижувачкиот персонали децата од големите групи на свечен начин беа испратени нашите идни првачиња со диплома како спомен за времето поминато во градинка.

Заокружување на проектот на тема **„Пчелата и медот"** беше тема и на завршната приредба . Настанот се случуваше во дворот на објект 2„Сонце" во кој што учествуваа 350 деца од 5-6 години од сите објекти.

Дел од децата од 5-6 години и оваа година беа учесници во дефилето и настапија со свои точки на отворањето на **Интернационалниот фолклорен фестивал „Велес 2019"**.





Како завршница на проектот ,,Откриј ги спортовите" децата од 4-6 години учествуваа на Детска олимпијада во ООУ ,,Блаже Конески".

9.6.Признанија и награди

Соработката на Установата се карактеризира со учество на сите манифестации, јавни настани и покани за учество во други организации. По секој повод вработените беа максимално вклучени со личен ангажман или креативност, а учеството на децата во градинката беше секогаш прифатено со задоволство. Општина Велес ни додели пофалница за постигнати резултати во акцијата за собирање на електронски отпад и батерии за 2018 година.

Општина Велес и Клуб на писатели ,,Коста Солев Рацин" Велес ни додели Благодарница за учество на поетската манифестација ,,51-ви Детски Рацинови Средби".

ДРГЗП Велес ни додели Благодарница за учество на ревијалната трка во рамките на настанот ,,Да трчаме здраво е 2019".

Општина Велес и ООна ИФФ на „Велес" ни додели Благодарница за учество на 16-ти ИФФ Велес 2019година.

10. Реализација на програмата на директорот

Во склоп на Годишната програма на Установата е и програмата на директорот на Установата која е плански организирана и реализирана во текот на годината. Оваа програма претставува потсетник на бројните обврски кои зависно од потребите и актуелноста се дополнуваа со специфични задачи и приоритети поврзани со потребите во Установата :

- Административно-организациони , која се однесува на континуирана активност со координација и работење во согласност со препораките од Министерството за труд и социјална политика од една и Единицата за Локална Самоуправа Велес од друга страна.
- Воспитно-згрижувачки активности околу оперативноста со цел практичарите целосно и во потполност да им се посветат на задачите што им се доверени, учествувајќи на тој начин во подобрувањето на квалитетот на услугите посветени на индивидуалната и колективна одговорност.

Програмата на директорот комплетно се реализираше и во однос на административно-организационите и воспитно-згрижувачките аспекти.

Директорот на установата во согласност со закон и подзаконските акти ги извршуваше следните работни задачи :

- Ја организира и раководи работата на градинката;
- Одговорен е за законитоста на работењето во градинката;
- Самостојно донесува одлуки од неговата надлежност утврдена со Закон и Статут;
- Изготвува и предлага Годишна Програма за работа на градинката и превзема мерки за нејзина реализација;
- Поднесува извештај за реализација на Годишната програма за работа, извештај за материјално–финансово работење на градинката до стручни и надлежни институции , до УО на градинката, Локалната Самоуправа и МТСП;

- Изготвува План за јавни набавки;
- Планира, креира и води деловна политика за развој и унапредување на дејноста на градинката;
- Врши контрола на уписот на деца и распоредувањето по воспитни групи;
- Го раководи, организира и контролира административно–финансиското работење во градинката;
- Се грижи за тековното и инвестиционото одржување на објектите;
- Непосредно раководи со работата на заедничките служби;
- Се грижи за правилно извршување на работните задачи на вработените;
- Ја застапува и претставува градинката пред надлежните институции и трети лица;
- Учествува во работата на Управниот Одбор и ги извршува и спроведува одлуките на Управниот Одбор на градинката, ги почитува и применува неговите препораки, мислења и заклучоци;
- Ги подготвува и раководи со седниците на СтручниотСовет;
- Формира постојани и повремени комисии за определени прашања од работењето и организирањето на работата;
- Именува комисија за прием на деца и комисија за прием на деца со потешкотии во развојот;
- Склучува договори согласно на закон;
- Донесува решенија за користење на годишни одмори, платени и неплатени отсуства на вработените;
- Одлучува за потреба од вработување, за прием по предходна согласност за обезбедени средства добиена од надлежен орган и за престанок на работен однос;
- Врши распоредување на вработените;
- Го следи спроведувањето на активностите од доменот на превентивната здравствена заштита во градинката;

- Врши педагошко–инструктивна работа и надзор на згрижувачко-воспитна и воспитно – образовна работа на воспитувачите, негувателите, стручните работници и соработници;
- Врши увид на педагошката евиденција и педагошката документација, дневникот за работа на установата, здравствената документација што се води во градинката;
- Остварува соработка со родителите согласно законските прописи и програмата на градинката;
- Перманентно работи на сопствено професионално и стручно усовршување;
- Врши и други работи и работни задачи на работното место утврдени со Закон, Статут и актите на градинката.

11.Реализација на програмата на стручни работници и соработници

11.1. Реализација на програмата за работа на психологот во Установата

Програмата на психологот на Установата се реализираше според предвидените програмски содржини. Во соработка со стручниот тим и директорот на Установата, активностите се реализираа низ следните подрачја за работа :

- Учество во програмирање на воспитно-образовната работа на Установата и планирање;
- Изготвување на годишна програма и извештај за работата на Установата
- Следење на реализацијата на планот и програмата на воспитно-образовната работа;
- Следење на развојот и опсервација на деца;
- Во соработка со воспитно-згрижувачкиот персонал се врши идентификација на деца кои имаат потешкотии во адаптацијата во градинката, социјалните контакти, емоционални пречки;
- Соработка и советодавна работа со воспитно - згрижувачкиот персонал;
- Соработка и советодавна работа со родителите, планирана и инцидентна;
- Аналитичко - истражувачка работа;

- Учество во работатата на стручните активи и стручното усовршување на воспитните кадри;
- Активно учество во изработка на сценарија за приредби и јавни манифестации;
- Учество во планирање на структури по клонови и групи;
- Анализа на воспитно-образовниот процес преку следење на слободни и насочени активности;
- Воведување на современи психолошки сознанија за работа со деца на предучилишна возраст и следење на нивна правилна примена;
- Учество во избор на теми,содржини спрема возрасната група за реализација на интерни проекти и проекти на локално ниво;
- Активно учество во планирање на годишните глобални планирања по групи и следење на нивна реализација;
- Следење на стручна литература, семинари, советувања,работилници и примена на стекнатите искуства во секојдневна работа.

11.2. Реализација на програмата на дефектологот во Установата

За успешно реализирање на воспитно-образовниот и згрижувачки процес во сите степени на воспитанието и образованието, во работата на градинките неопходно е вклучување на дефектолог кој работи на специфични, а за детската популација особено од предучилишна возраст исклучително значајни потреби. Ова е период кога инклузивното воспитание и образование добива вистинско место во сите сегменти на општественото живеење. Програмата за работа на дефектологот е составен дел на единствената програма за работа на Установата, и истата подразбира операционализација на конкретни воспитно-образовни и функционално-корективни цели и задачи, соодветни за децата со развојни потешкотии. Согласно со програмата за работа на Установата,како и програмата за работа на дефектологот, заедно со другите членови на тимот, дефектологот својата работа ја остваруваше низ следните активности:

- Учество во распоредување на децата со потешкотии во развојот во соодветни групи адекватни на нивните способности, можности,потреби и интереси;
- Изготвување на годишна програма и извештај за работата на Установата;
- Следење и помагање на процесот на адаптација кај децата;
- Детекција и опсервација на децата кои манифестираа развојни потешкотии ;
- Спроведување на дефектолошка функционална проценка ;
- Проценка на психомоторна и праксичка организација ;
- Проценка на говорниот развој ;
- Проценка на сознајни функции ;
- Проценка на социо-емоционално однесување ;
- Планирање и програмирање на индивидуален дефектолошки третман ;
- Дефектолошкиот третман го реализираше преку индивидуална работа, поддршка и помагање во групите каде се вклучени децата со потешкотии во развојот ;
- Пружање на стручна помош на воспитно-негувателскиот кадар во чии групи има вклучено деца со развојни потешкотии ;
- Давање на развојна стумулација на децата , насочена кон зајакнување нивните способности и вештини и пронаоѓање на нови патишта за постигнување на повисоко ниво на развој;
- Водење на индивидуално досие за секое дете каде се бележат промените и напредокот во развојот;
- Реализирање на вежби за психомоторна реедукација ;
- Соработка со родителите и давање на совети за продолжување на третманот во домашни услови ;
- Учество во сите планирани активности на установата ;
- Консултативна и советодавна работа со деца со потешкотии во развојот кои не се згрижени во установата и нивните родители;
- Учество во работата на стручните активи и стручно усовршување на воспитните кадри, преку свои излагања на одредени теми ;
- Активна соработка со другите членови на стручниот тим ;

- Следење на современите текови и достигнувања во дефектолошката област, како и следење на современа стручна литература ;
- Посета на семинари и работилници за стручно усовршување, како и примена на тие информации и знаења во секојдневната работа ;

12. Материјално-финансово работење на Установата

Бројот на запишани деца во ОЈУДГ„ДимчеМирчев"-Велес во изминатата година е зголемен во однос на претходните години. Истиот оваа година беше 1393 деца што се корисници на нашите услуги на што резултат е и зголемен приход на сметката „787". Бројот на децата континуирано се зголемува, а и редовноста на плаќањето од страна на родителите е доста подобрена што е исто значаен фактор во стабилноста на буџетот на Установата. Износот за престој на дете во Установата за целодневна програма и понатаму останува 1.490,00 денари (непроменета цена од 2004 година). Од оваа година беше воведено ослободување од партиципација во градинка за самохрани родители, кои треба да исполнат одредени услови за користење на оваа услуга. Во нашата Установа ослободени од партиципација под овие услови беа вкупно 3 родители.

Дел од приходите се остваруваат и со оброци што ги користат вкупно 60 ученици од основните училишта „Св.Кирил и Методиј" 50 деца, „Васил Главинов" 10 деца и 17 корисници од „Дневниот центар за деца и лица со посебни потреби" Велес.

Во однос на расходите, најголемиот процент од истите паѓа на исхраната на децата која е приоритет во Установата и се изготвува според претходно утврдени и контролирани нормативи од МТСП.

Покрај редовните расходи за храна и комунални услуги кои го овозможуваат нормалниот тек на работењето на Установата, се посветува големо внимание на подобрување на условите за престој на децата и опремата која е во секојдневна употреба, се со цел да се обезбеди квалитетен, пријатен и престој со високи стандарди за деца од предучилишна возраст.

Дел од расходите се припишуваат на доопремување на занималните со нов дидактички и игровен материјал од програмите за изработка на детски играчки кои се соодветни и сигурни за игра на деца од предучилишна возраст. Библиотечниот фонд со нови современи едиции, адекватни и популарни за децата.

Во текот на 2018/19 година извршени и реконструкции и санации кои се наведени во точка 2.1.

Сите инвестиции и проекти во нашата установа се реализирани со цел нашата услуга да биде по квалитетна.

Нашата мисија **„Ние сме партнери на родителите во воспитанието и образованието на децата, нивниот правилен раст и развој, креираме безбедна стимулативна средина, негуваме тимска работа, толеранција, ги почитуваме различностите и ги поттикнуваме индивидуалните можности и способности на децата, градиме успешна соработка и ја промовираме нашата установа во локалната заедница”** продолжува.

ВД ДИРЕКТОР

Ефтимија Карбева Лукарова

Содржина:

Вовед..... 2

1.Појдовни основи за реализација на дејноста 4

2.Организација, внатрешно уредување и услови за работа на градинката..... 5

2.1. Реконструкции и санации..... 7

2.2. Уредувањето и одржувањето на дворните површини 9

2.3. Дидактички и игровен материјал 10

2.4.Библиотечен фонд 10

3. Прегледи за бројот на вработени и ангажирани лица 11

4.Организација на работата во јаслените групи и градинката 14

4.1. Организација на работата во јаслените групи 14

4.2. Организација на работата во детската градинка 15

5.Реализација на програмите за воспитно-образовната работа 18

5.1. Реализација на воспитно-образовната работа во воспитните групи 18

5.2. Реализација на интерни проекти со децата во Установата 19

5.2.1.Проект „Пчела и мед”.....20

5.2.2.Проект„Гордо го носам името на мојата градинка”.....22

5.2.3.Проект „Откриј ги спортовите”.....24

5.2.4.Проект „Градини во детските градинки”..... 26

5.2.5.Проект „Бон-тон”..... 26

5.2.6.Проект „Од дете за дете”..... 27

5.2.7.Проект „Градот низ детските очи”..... 27

5.2.8. Проект „Семејството и семејните вредности”.....27

5.2.9.Проект „Рециклирање со имагинација”..... 28

5.2.10.Проект „Моја хигиена-моја навика”.....28

5.2.11.Проект „Здрави животни навики” 29

5.2.12.Проект „Традиционални игри” 29

5.2.13.Проект „Почитување на различностите и мултикултурализмот во раниот детски развој“ 29

5.3.Проект„Вклучување на деца-Роми во Јавните општински установи-Детски градинки во Република Северна Македонија”..... 31

5.4. Еко проект 31

5.5. Програми реализирани од надворешни соработници во Установа.....32

6.Стручно усовршување на кадарот 33

7. Здравствена дејност 35

8. Инклузија на деца со посебни потреби 36

9. Културна дејност 38

9.1. Соработка со родители..... 38

9.2. Соработка со предучилишните установи од другите градови 39

9.3. Соработката со установи, институции и НВО..... 39

9.4. Соработка со медиуми 41

9.5. Јавни манифестации на организацијата во изминатата година 41

9.6. Признанија и награди 44

10. Реализација на програмата на директорот 45

11. Реализација на програмата на стручните работници 47

11.1. Реализација на програмата за работа на психологот во Установата 47

11.2. Реализација на програмата на дефектологот во Установата 48

12. Материјално-финансово работење на Установата 50